РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PER PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-766/7
16-10-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на ден 13.10.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-2581/1 од 30.09.2024 година, оформен по пријава со наводи за сомневање против двајца поранешни директори на ЈЗУ ---------------------------------------------- на Република Северна Македонија во Скопје, поради незаконито вработување на блиски лица и незаконско продолжување на работниот анганжман на здравствен работник во ЈЗУ ----------------------------------------------- на РСМ во Скопје, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај, поради тоа што постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2581/1 од 30.09.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмет оформен по пријава со број 12-1258/1 од 30.09.2024 година, поднесена против поранешни директори на ЈЗУ ----------------------------------------- на Република Северна Македонија, ---------------------- и ----------------------, поради наводи за сомневање за незаконско ангажирање на две лица со договор на дело во 2024 година и тоа лицата: ------------------------------, кој бил син на директорот --------------------------- и ---------------------------------.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Воедно, подносителот во пријавата наведува дека на лицето ----------------------, незаконски и бил продолжен работниот однос во ЈЗУ -------------------------------------- во -------------, иако имала полни 64 години.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во предметниот случај, на ден 14.10.2024 година ДКСК побара информации од ЈЗУ ------------------------------------- на РСМ, а на 17.02.2025 година од Државниот инспекторат за труд побарано е да изврши инспекциски надзор во предметната здравствена установа, по однос на спроведените постапки за работно ангажирање на двете посочени лица, како и исполнетоста на условот за продолжување на договорот за вработување на ----------------------- и за констатираните состојби да ја извести ДКСК.
По барањата на ДКСК доставени се информации со прилог документација и од увидот во истата, ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

-Лицето ------------------------- извршувало работни задачи како лаборантски техничар во ЈЗУ ------------------------- на РСМ, ангажиран врз основ на договор на дело со арх.број ----------/-- од 23.08.2024 година, во период од 26.08.2024 до 31.12.2024 година, склучен помеѓу лицето -------------------- и директорот Др.---------------- како застапувач на ЈЗУ --------------------------- на РСМ.
-Лицето -------------------------, извршувала работни задачи како медицинска сестра во ЈЗУ -------------------------- на РСМ, ангажирана врз основ на договор на дело со архивски број ------/-- со времетраење од 05.02.2024 до 31.12.2024 година, склучен помеѓу ------------------------- и директорите ------------------------ и ---------------------- како застапувачи на ЈЗУ -------------------------------------- на РСМ.
-Во врска со наводите од пријавата за продолжување на работниот однос на лицето ------------------------- во ЈЗУ ---------------------------- на РСМ, јавната здравствена установа ја известил ДКСК дека согласно член 104 од Законот за работни односи и член 204-а од Законот за здравствена заштита, била донесена Одлука за продолжување на работниот однос на наведеното лице на 17.10.2023 година од страна на директорите ------------------------- и ----------------------.

-Државниот инспекторат за труд, постапувајќи по барањето на ДКСК од 25.03.2025 година, на ден 20.05.2025 година извршил вонреден инспекциски надзор во предмената здравствена установа. За извршениот инспекциски надзор бил изготвен Записник со бр.ИП -------- од 20.05.2025 година, во кој е констатирано дека лицата ------------------------ и ------------------------, двајцата од --------------, биле ангажирани со Договор на дело во ЈЗУ -------------------------------- на РСМ - Службата за трансфузиона медицина лоцирана во ЈЗУ Општа болница -------------------, согласно Законот за облигациони односи за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година, за што била обезбедена согласност за ангажирање на 35 лица согласно член 9 од

Законот за трансформација во редовен работен однос од Министерството за финансии со бр.----------------- од 17.04.2025 година, која се однесувала и на двете наведени лица. Исто така, при надзорот од страна на работодавачот, било презентирано Уверение за положен стручен испит заведно под број -------/--- од 08.04.2025 година за лицето ----------------------- и за лицето -------------------------, Уверение за положен стручен испит заведено под број ------------/------ од 26.12.2023 година, двете издадени од ЈЗУ Општа болница со проширена дејност ------------------.

ДИТ утврдил дека во моментот на надзорот во ЈЗУ -----------------------------------, согласно со дадената Согласност број ----------/-- од 17.04.2025 година од Министерството за финансии, биле склучени договори за дело со 39 лица и тоа со 4 лица се склучени договори на дело врз основа на член 8 од Законот за трансформација во редовен работен однос, а со 35 лица врз основа на член 9 од Законот за трансформација во редовен работен однос. Во ЈЗУ ------------------------------------------ на РСМ-Скопје, во редовен работен однос се вработени вкупно 334 лица. Во конкретниот случај ------------------------- и ------------------------------, а воедно и другите 33 лица, кои биле ангажирани и склучиле договори за дело со ЈЗУ ---------------------------------- на РСМ-Скопје за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година, редовно си ги извршувале своите работни задачи и во периодот до 17.04.2025 година, кога е дадена согласност од страна на Министерството за финансии.

Во однос на наводите за незаконско продолжување на работниот однос на лицето ------------------------, при надзорот инспекторот утврдил дека ова лице е вработено кај работодавачот ЈЗУ ---------------------------- на РСМ - Скопје на ден 05.02.2019 година на неопределено време, со договор за вработување број ----------/-- од 29.01.2019 година, на работно место медицинска сестра. Истата поднела Барање за продолжување на работниот анганжман за една година, заведено под бр.-------------/-- од 18.08.2023 година, во врска со што Директорот на ЈЗУ --------------------------- на РСМ-Скопје донел Одлука со бр.----------/-- од 17.10.2023 година, за продолжување на договорот за вработување на здравствениот работник ------------------ до 07.01.2025 година. Врз основа на повторно Барање за продолжување на работниот анганжман поднесена од вработената ----------------------, директорот на ЈЗУ ---------------------- на РСМ-Скопје, донел Одлука број ----------/-- од 10.07.2024 година за продолжување на работниот анганжман на истата за една година, заклучно до 07.01.2026 година. Продолжувањата се направени согласно член 104 од Законот за работни односи и член 204-а од Законот за здравствена заштита.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба, ДКСК на 18.07.2025 година побара од Државниот инспекторат за труд да изврши вонреден инспекциски надзор на постапките за работно ангажирање на истите лица за период 01.01.-31.12.2024 година, како и на

исполнетоста на условот за продолжување на договорот за вработување на лицето -------------------.

На ден 19.08.2025 година, ДИТ достави Записник за извршен инспекциски надзор во ЈЗУ ------------------------------------- на РСМ - Скопје, во кој се наведува дека лицата ------------------------ и ---------------------------- се ангажирани со договор на дело во ЈЗУ ---------------------------- на РСМ - Скопје, Центар за трансфузиона медицина во ЈЗУ Клиничка Болница-------------, Служба за трансфузиона медицина, лоцирана во ЈЗУ Општа Болница -----------------, врз основа на Законот за облигациони односи и Согласност од Министерството за финансии со бр.-----------/-- од 24.01.2024 година, додека на лицето ------------------------- и е продолжен работниот однос врз основа на член 104 од Законот за работни односи и член 204-а од Законот за здравствена заштита.

Од страна на Државниот инспекторат за труд не се утврдени неправилности и недостатоци во работењето на предметната здравствена установа во постапките за работно ангажирање на лицата ------------------------- и --------------------------------, како и во постапката за продолжување на работниот однос на лицето ----------------------------.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што за пријавениот случај постапил друг надлежен орган и оттаму, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., Член на ДКСК